# ИЗВЕШТАЈ ОД КОНСУЛТАЦИИ СО ЈАВНОСТА

# ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

# ЗА

# УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК КИЧЕВО (ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 35 MW) КО ДУШЕГУБИЦА И КО ДОБРЕНОЕЦ, ОПШТИНА КИЧЕВО

**Јуни, 2023 година**

| | |
|---|---|
| Назив на Планот: | **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК КИЧЕВО (ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 35 MW) КО ДУШЕГУБИЦА И КО ДОБРЕНОЕЦ, ОПШТИНА КИЧЕВО** |
| Документ: | **Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, општина Кичево** |
| Надлежен орган за донесување на Планот: | Министерство за транспорт и врски |
| Подготвувач и потписник на Извештајот од консултации со јавноста: | **Министерство за транспорт и врски**<br>Александар Карангелов<br>______________________________ |
| Датум: | 23.06.2023 |

## СОДРЖИНА

1 ВОВЕД ..... 4
2 ПРОЦЕДУРА ..... 4
2.1 Известување на јавноста ..... 5
3 ЈАВНА РАСПРАВА ..... 6
2.1 Одговор на забелешките од одржана јавна расправа ..... 6
4 ЗАБЕЛЕШКИ ДОСТАВЕНИ ВО ПЕЧАТЕНА ИЛИ ЕЛЕТРОНСКА ФОРМА ..... 6
5 КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИ ОРГАНИ ..... 14
6 ЗАКЛУЧОК ..... 14

## ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ

Прилог 1 - Одлука за неспроведување и спроведување на стратегиска оцена, нејзина објава и мислење од МЖСПП ..... 15
Прилог 2 – Објава на информации за нацрт Извештај за СОЖС и одржување на јавна расправа ..... 23
Прилог 3 - Записник од одржана јавна расправа, листа на присутни и фотографи од присутни 29

## 1 ВОВЕД

Министерството за транспорт и врски спроведе постапка за стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во рамките на која изработи Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, општина Кичево.

Во рамките на постапката за СОЖС, по завршување на периодот на учество на јавноста, Министерството за транспорт и врски како орган одговорен за изработка на планскиот документ изготвува Извештај за консултации со јавноста, во согласност со член 69, став 5 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/12, 44/15, 129/15, 192/15, 39/216, 28/18, 65/18, 99/18, 89/22 и 171/22) и член 10 став 2 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 147/08 и 45/11).

Извештајот има за цел да даде одговор на сите прашања, мислења, предлози и забелешки, доставени од јавноста во текот на периодот предвиден за јавен увид на Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

## 2 ПРОЦЕДУРА

Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС) и Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/12, 44/15, 129/15, 192/15, 39/216, 28/18, 65/18, 99/18, 89/22 и 171/22), бараат одредени планови, програми и стратегии, за кои постои веројатност дека би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, да бидат предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС).

Во согласност со одредбите од Законот за животната средина и релевантните подзаконски акти, Министерот за транспорт и врски донесе Одлука за неспроведување на СОЖС врз основа на која Министерството за животна средина и просторно планирање донесе решение за спроведување на стратегиска оцена (Решение арх. бр. УП1-15-2434/2022 од 10.01.2023 година, прикажано во Прилог 1). Врз основа на Решението, издадено од МЖСПП, Министерството за транспорт и врски донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена (бр. 67-328/4 од 23.01.2023 година), приложена во Прилог 1.

Врз основа на гореспоменатите документи, Друштвото за еколошки консалтинг „ДЕКОНС-ЕМА“ ДООЕЛ Скопје го изработи Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, општина Кичево.

Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, општина Кичево, беше доставен до Министерство за

транспорт и врски на 23.02.2023 година. Нацрт извештајот за СОЖС, Министерството за транспорт и врски го достави до МЖСПП, со цел добивање на мислење. МЖСПП на ден 24.03.2023 година со допис со архивски број УП1-15-155/2023 даде позитивно мислење по содржината и обемот на Нацрт Извештајот за СОЖС За Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, општина Кичево.

## 2.1 Известување на јавноста

Министерството за транспорт и врски, како орган одговорен за изработка на планскиот документ, а во согласност со член 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 45/11) обезбеди информирање и вклучување на јавноста. На 06.03.2023 нацрт Извештајот за СОЖС беше објавен на web станата на Министерството за транспорт и врски и достапен на увид во просториите на Министерството (Прилог 2).

Во истата објава на 16.05.2023 година на web станата на Министерството за транспорт и врски, беше објавено и податоци за организирање на расправа по нацрт Извештајот за СОЖС.

Во согласност со член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 45/11) Министерството за транспорт и врски ја информира јавноста и преку еден дневен весник на албански јазик достапен на територијата на Република Северна Македонија (Лајм 17.05.2023, Прилог 2) и преку објава на ЈОН радио на македонски и албански јазик.

Во согласност со дефинираната постапка за Стратегиска оцена на животната средина во горенаведените правни акти, Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, општина Кичево, беше достапен за јавен увид на веб страната на Министерството за транспорт и врски во период повеќе од 30 дена од денот на објавување (од 06.03.2023), како и во печатена форма во просториите на Министерството за транспорт и врски, секој работен ден од 8:00-16:00 h.

# 3 ЈАВНА РАСПРАВА

Во согласност со член 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 45/11), Општина Кичево и Министерството за транспорт и врски на ден 01.06.2023 година организираше јавна расправа за Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, општина Кичево.

Засегнатата јавност навремено преку соопштенија на: web страната на Министерството за транспорт и врски, web страната на општина Кичево, дневен весник Лајм, Јон радио беше информирана за местото и времето за одржување на јавната расправа (Прилог 2).

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста во процесот на донесување на одлуки по нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, општина Кичево, на 01.06.2023 година во просториите на општина Кичево, со почеток во 12:00 часот се одржа јавна расправа по нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, општина Кичево.

Од одржаната јавна расправа, подготвен е записник кој е приложен во Прилог 3 од овој Извештај. Во записникот е приложена и листа на учесници од јавната расправа и фотографии.

## 2.1 Одговор на забелешките од одржана јавна расправа

По завршување на јавната презентација на Стратегиската оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, општина Кичево, беше отворена дискусија на која беа доставени забелешки, коментари и мислења од присутните. Во прилог на записникот од одржаната јавна расправа се дадени одговорите на прашањата.

# 4 ЗАБЕЛЕШКИ ДОСТАВЕНИ ВО ПЕЧАТЕНА ИЛИ ЕЛЕТРОНСКА ФОРМА

Во периодот на јавен увид, до Министерството за транспорт и врски беа доставени коментари во електронска форма на ден 16.06.2023. Истите беа одговорени и доставени до поднесувачот на забелешките и коментарите.

Во продолжение се дадени забелешките и коментарите, како и дадените одговори по истите.

**ОДГОВОР НА ЗАБЕЛЕШКИТЕ И КОМЕНТАРИТЕ ДОСТАВЕНИ ОД ГРАЃАНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА „РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА“**

**За нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, Општина Кичево**

На ден 16.06.2023 година до Министерството за транспорт и врски, по електронски пат, се доставени забелешки и коментари од граѓанската организација „Рурална Коалиција“ од Кичево по однос на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец, Општина Кичево

Во продолжение се дадени забелешките/коментарите со одговор на истите.

1. Депонија за неупотреблив материјал (инертен отпад, градежен отпад итн)- предвидено решение: Изведувачот треба да добие Решение со одобрена локација за депонирање на неупотреблив градежен материјал, и инертен отпад по поднесено Барање до Општина „Кичево“ во координација со Надзорниот орган.(забелешка: Во општина Кичево не постои депонија за градежен отпад и ако се најде локација тешко веројатно е дека истиот ќе се одлага таму, затоа што треба да се врши транспорт на истиот со десетици километри. Кој ќе води контрола за истото?

**Одговор:** Оваа забелешка не се однесува на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, ова ќе биде елаборирано во ОВЖС Студијата.

2. Влијанијата во оперативна фаза се оценуваат како негативни, директни и неповратни влијанија, долгорочни, ќе се појават веднаш, со сигурна веројатност за појавување. Во однос на делокругот на делување се оценуваат како подрачје, со умерена магнитуда, додека од аспект на значајност истите се оценуваат со умерена значајност.

**Одговор:** Оваа забелешка не се однесува на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина. Влијанијата се предмет на оцена на ниво на Проектна документација и ќе бидат елаборирани во ОВЖС Студијата.

3. Едно од начелата на кои се заснова Законот за водите на Р. С. Македонија („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Сл. весник на Р. С. Македонија“ бр. 151/21), е Начелото на претпазливост кое гласи: „Доколку постои ризик дека одредена активност може да предизвика штетното дејство врз водите или штетно дејство од водите, но за тоа Студија за оцена на влијанието врз животната средина од имплементација на проектот: „Ветерен парк Кичево (35 MW)“, општина Кичево Друштво за еколошки консалтинг „ДЕКОНС-ЕМА“ 269 нема научни докази, се преземаат мерки засновани на соодветна процена на ризикот, неопходни за да се обезбеди високо ниво на заштита на водите, пред да стане достапен научниот доказ дека може да настане штетно дејство“. Предложено решение: Врз основа

на горе наведеното, потребно е да се направат дополнителни истражувања и да се обезбеди научен доказ дека оваа проектна активност, нема да влијае на квалитетот и квантитетот на подземните води од изворот на р.Студенчица.(забелешка: без да се обезбеди научен доказ да не се почнува со никакви градежни активности.

**Одговор:** Оваа забелешка не се однесува на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина. Влијанијата се предмет на оцена на ниво на Проектна документација и ќе бидат елаборирани во ОВЖС Студијата.

4. Во согласност со податоците од документот: Хидрогеолошкиот елаборат за дефинирање на влијанието на ВП „Кичево“ врз квантитетот и квалитетот на површинските и подземните води и изворот на р.Студенчица, подготвен во ноември 2022 година од страна на ГИМ, на барање на Инвеститорот, правецот на дренирање на карстната издан на проектниот опфат е врз основа на стручност, експертиза и литературни податоци. Нивно мислење: Сепак, заради сложената структура на карстниот релјеф и многубројните испреплетени каналчиња во него, тешко може прецизно да се определи правецот на оттекување на подземните води и насоката кон која би се движеле загадувања предизвикани од градежните активности за ВП „Кичево“ и неговата оперативност, како и степенот на ризик од загадување на водите од изворот на р.Студенчица.

**Одговор:** Во нацрт извештајот за СОЖС предвидена мерка за спречување или намалување на влијанијата врз водите: „На нивно на проект да се направи трасирање на подземните води во проектниот опфат пред започнување на градежните активности за идентификација на опасноста од физичко, хемиско и биолошко загадување на изворните подрачја или водостопански објекти во сливното подрачје, каде што е лоциран ветро паркот“.

5. Подлабоките ископи за поставување темели на ветерните турбини, да се покриваат со покривка со ниска водопропустливост, во периоди кога не се вршат градежни активности и во услови на врнежи од дожд/снег. Ова мерка ќе ја ограничи потенцијалната инфилтрацијата на води кои содржат висока концентрација на седимент, ќе го ограничи површинскиот оттек и делумно ќе превенира контаминирана површинска вода да достигне до изданската зона на во карстниот предел; (Забелешка: за стабилност на ветерници при изградба на постаментите потребни се геомеханички и геотехнички истражувања кои се вршат со дупчења кои се строго забранети согласно Одлуката за заштитни зони.

**Одговор:** Оваа забелешка не се однесува на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина. Влијанијата се предмет на оцена на ниво на Проектна документација и ќе бидат елаборирани во ОВЖС Студијата.

6. Задолжително вклучување на правниот субјект ЈКП „Студенчица“, во постапката за надзор над изградбата на ВП „Кичево“, поконкретно надзор над имплементација на мерките од Планот и почитување на забраната за активности со цел заштита на водите од изворот на р. Студенчица; (Забелешка: ЈП Студенчица нема ниту обврска ниту можност да врши надзор, може да се вклучи единствено со мониторинг).

**Одговор:** Оваа забелешка не се однесува на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, туку на ОВЖС Студијата, која сеуште не е предадена од Инвеститорот во МЖСПП.

7. Задолжително вклучување на правниот субјект ЈКП „Студенчица“, Институтот за јавно здравје и стручно лице – експерт за заштита на животната средина, и државен инспектор за животна средина во постапката за Надзор над примена и имплементација на мерките од ПУЖОС_ОФ и Планот за заштита на површински и подземни води во оперативна фаза на ВП „Кичево“, во процесот на менување/дополнување на масла во турбините; (Забелешка: ЈП Студенчица нема ниту обврска ниту можност да врши надзор, може да се вклучи единствено со мониторинг).

**Одговор:** Оваа забелешка не се однесува на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, туку на ОВЖС Студијата, која сеуште не е предадена од Инвеститорот во МЖСПП.

8. Во процесот на менување на масла на турбините, како надзор задолжително да се вклучи државен инспектор за животна средина и стручно лице од ЈКП „Студенчица“;)(Студенчица нема обврска да води контрола за менување на масло. Обврска на инспектори од Животна средина или друго инспекциско тело кое ќе го одреди министерството надлежно за одобрување на студијата).

**Одговор:** Оваа забелешка не се однесува на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, туку на ОВЖС Студијата, која сеуште не е предадена од Инвеститорот во МЖСПП.

9. Влијанијата врз геологијата, геоморфологијата и квалитетот на почвата во оперативната фаза се оценети како негативни, директни, повратни и ќе се појават веднаш. Според обемот се оценуваат како подрачје, со мала веројатност за појава и привремено времетраење. Во однос на големината на влијанието истите се оценуваат со умерена магнитуда и со умерена значајност.

**Одговор:** Оваа забелешка не се однесува на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, туку на ОВЖС Студијата, која сеуште не е предадена од Инвеститорот во МЖСПП.

10. Доколку дојде до инцидентни истекувања, истото мора веднаш да се ограничи, да се исчисти и отстрани контаминираната почва, и со неа да се постапува како опасен отпад. Опасниот отпад треба веднаш да се отстрани од проектниот опфат и дефинираните заштитни зони на изворот на р. Студенчица ;(забелешка: како би се извело истото при зимски услови со 1.5-2м снежна покривка и колку брзо за да не дојде во допир со подземните води кои го прихрануваат изворот Студенчица.

**Одговор:** Оваа забелешка не се однесува на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, туку на ОВЖС Студијата, која сеуште не е предадена од Инвеститорот во МЖСПП.

**11.** Влијанијата кои може да бидат предизвикани од генерираниот отпад во оперативната фаза се оценети како негативни, директни и индиректни, Студија за оцена на влијанието врз животната средина од имплементација на проектот: „Ветерен парк Кичево (35 MW)“, општина Кичево Друштво за еколошки консалтинг „ДЕКОНС-ЕМА“ 326 краткорочни до долгорочни, повратни и неповратни влијанија, со веројатност за појавување веднаш и задоцнето. Во однос на делокругот на делување се оценуваат како подрачје, со умерена до голема магнитуда, додека од аспект на значајност на влијанијата истите се оценуваат како умерена до голема значајност.

**Одговор:** Оваа забелешка не се однесува на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, туку на ОВЖС Студијата, која сеуште не е предадена од Инвеститорот во МЖСПП.

**12.** Во Хидрогеолошкиот елаборат за дефинирање на влијанието на ветерниот парк „Кичево“ врз квалитетот на површинските и подземните води и изворот на р. Студенчица, подготвен од страна на ГИМ за потребите на Инвеститорот помеѓу наведените мерки за намалување на влијанието врз водите на изворот на р. Студенчица е наведено следното: „Во случај на загадување на подземната вода и изворот Студенчица потребно е да престане водоснабдувањето од изворот се до моментот на подобрување на квалитетот на подземната вода на ниво вода за пиење“. Инвеститорот/ изведувачот/Операторот на ВП „Кичево“, не смее да дозволат на било каков начин проектот да предизвика загадување на водите изворот на р. Студенчица и прекин на водоснабдувањето на повеќе од 150.000 жители, кои помеѓу останатото немаат друг алтернативен начин за водоснабдување (ова би траело со месеци што е недозволиво за регионален водовод. Кој ќе биде одговорен доколку се случи тоа?)

**Одговор:** Оваа забелешка не се однесува на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина. Според Законот за заштита на животната средина постои начело за заштита на животната средина кое гласи „Загадувачот плаќа“: Загадувачот е должен да ги надомести трошоци за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоци за санација и да плати правичен надомест за штета причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мера, во состојба како пред оштетувањето.

**13.** Можни влијанија се очекуваат во случај на хаварија и/или дефект на турбините и трафостаницата, при што се можни истекувања на масла, кои ќе предизвикаат загадување на почвата и подземните води, вклучително и водите од изворот на р. Студенчица.(како би се спречило ова во зимски услови).

**Одговор:** Влијанијата врз почвата и подземните води и водите во изворот Студенчица, кои може да настанат во случај на хаварии и несреќи во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е предвидено изработка на План за заштита од несреќи и хаварии на ниво на проект, во кој треба подетално да се предвидат можните несреќи и хаварии, мерки за нивно спречување или постапување.

**14.** Да се напомене и фактот дека изградбата на ветерниот парк била предвидена уште во 2011 година, но во тој период истата е откажана поради можните негативни влијанија врз водата за пиење.

**Одговор:** Забелешката не е јасна. Каде се бара да се напомене фактот дека изградбата на ветерниот парк била предвидена во 2011 година. До изработувачот на Извештајот за СОЖС не се доставени такви информации од надлежни органи, ниту истото е наведено во мислењата за урбанистичкиот план.

**15.** На јавната расправа учествуваа единствено советниците на општината кои што и ја имале информацијата за одржување на расправата без при тоа да се известат локалните граѓански организации, граѓаните и сите останати чинители во локалната заедница. Во никој случај не треба да помине јавна расправа само со 20 учесници и толку.

- Одговор: Податоци за местото и времето на одржување на јавната расправа е објавено преку: Соопштение објавено на интернет страната на Министерството за транспорт и врски (http://mtc.gov.mk/Sozzs/1-28) објавено на 16.05.2023;
- Соопштение објавено на интернет страната на Општина Кичево (https://kicevo.gov.mk/%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b7%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b8-%d1%80%d0%b0%d1%81%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d1%81%d0%be%d0%b6%d1%81/) објавено на 16.05.2023;
- во дневен весник на албански јазик Лајм (на 17.05.2023);
- објава на македонски и албански јазик на радио Јон (два дневни термини на 17.05, 18.05 и 19.05.2023 година)

**16.** Точно да се дефинира кој ќе ја сноси одговорноста доколку дојде до: Нарушување на квалитетот на почвата, повремените површински водни тела, извори, подземни води и водите во изворот на р. Студенчица и останатите медиуми и области од животната средина, загрозување на здравјето и животот на 150.000 жители, односно населението кое се водоснабдува од изворот на р. Студенчица Загадување и нарушување на квалитетот на почвата, повремените површински водни тела, изворите и подземните води.

**Одговор:** Во извештајот за стратегиската оцена на животната средина не може да се дефинира кој ќе сноси одговорност. За предизвикани штети врз животната средина, согласно Законот за заштита на животната средина одговорен е Загадувачот/Инвеститорот.

**17.** Известувањето за намера за проектот објавено на МЖСПП е од 13.06.2022- значи постапката за ОВЖС е започната пред да се донесе одлука за спроведување на СОЖС (23.01.2023) што е спротивно на Закон за животната средина. МЖСПП дури има издадено и Решение за спроведување на ОВЖС со утврден обем на Студијата кои што може воопшто да не соодветствува со наодите од СОЖС и мислењата од институциите издадени на крајот на 2022 година и изменетата Одлука за заштитни зони на Владата од 13.01.2023 г.

**Одговор:** Студијата за оцена на влијанија врз животната средина сеуште не е доставена до МЖСПП, само е издадено решение дека се предвидува спроведување на постапка за оценување на влијанијата на проектот врз животната средина, односно

изработка на Студија за оцена на влијанијата врз животната средина и со решението по известувањето за намера се дефинира обемот, односно што се треба да се разгледува до Студијата за ОВЖС.

**18.** Планската документација за проектот не е никаде објавена иако во објавата за јавна расправа треба да бидат достапни до заедно со извештајот за СОЖС. Ова е согласно ЗЖС, но тоа се наведува и во Мислењето (позитивно) по Нацрт-Извештајот на МЖСПП од 24.03.2023 г. Утре ќе има расправа за нацрт-извештајот, а никаде не е објавен планот за кој се спроведува СОЖС што е сериозен пропуст и на МТВ и на МЖСПП. Невозможно е да се коментира на заклучоците од СОЖС без да се гледа и планскиот документ со неговата содржина.

**Одговор:** Точно дека во постапката за СОЖС се бара заедно со Нацрт Извештајот за СОЖС да се објави и Нацрт Документот за кој се однесува истиот. Како изготвувачи на СОЖС Извештајот, не сме надлежни да одговориме зошто Министерството за транспорт и врски и Општината не ги објавиле на своите веб страни и двата документи заедно, туку само СОЖС Извештајот.

**19.** Стр.64- Во широката заштитна зона треба да се почитуваат мерките за заштита на НП Маврово утврдени во Просторниот план на НП Маврово од 1988 г.,и зонирањето од студијата за ревалоризација од 2011 г. што никогаш не се усвои-во процес е ре-прогласување, ново зонирање и донесување на посебен просторен план за заштитеното подрачје. Проектот е планиран на подрачје што е дел од Националната еколошка мрежа каде што се движат крупни ѕверови кои се заштитени со националното законодавство и меѓународните конвенции и МЖСПП укажува дека се потребни посебни мерки за планината Бистра што е дел од еколошкиот коридор Буковиќ кој го користи балканскиот рис за движење од НП Маврово преку Сува Гора до повеќенаменско заштитено подрачје Јасен (стр. 96).

**Одговор:** Нема прашање, само констатации преземени од СОЖС Извештајот.

**20.** Стр.71- Високо планински пасишта на Бистра каде што е планскиот опфат, има 31 растителен вид кој е балкански ендемит од кои три токму на Бистра се прв пат опишани во науката.

**Одговор:** Ова се наоди од литературни податоци за растителните видови на планинските пасишта на планината Бистра, кои се опишани заради локацијата на планскиот опфат. Поради тоа, како мерка за спречување или намалување на негативни влијанија врз биолошка разновидност во Нацрт стратегиската оцена на животната средина се предвидува: "На ниво на проект и ОВЖС студија, при идентификување на влијанијата и предлагање мерки за нивно намалување, да се земат предвид извештаите од направените сезонски истражувања на биолошката разновидност присутна во границите на планскиот опфат и опкружувањето";

**21.** Стр.90-Според Просторниот план, Студенчица е предложена за заштитено подрачје во категоријата Споменик на природата. Во мислењето од Сектор за природа ова не е спомнато и понатаму не се третира како важен фактор во

студијата. Неизбежно е дека ќе има нарушување врз природните вредности на НП Маврово, Емералд подрачјето-Маврово, значајното подрачје за птици на сливот на река Радика, како и значајното подрачје за растенија Бистра, јадровото подрачје за заштита на биолошката разновидност и биокоридорот Буковиќ- што и самата студија го потврдува. На планското подрачје е забележано присуство на приоритетниот вид златен орел, како што пишува во СОЖС 4-6 парови, за кои иако е утврдена потенцијална ниска смртност дури и загуба на една единка е огромна штета.

**Одговор:** Планскиот опфат не влегува во предложеното подрачје за заштита Студенчица (согласно Просторниот План), поради што не се очекуваат влијанија врз истото. Во стратегиска оцена на животната средина е наведено: "Со оглед на тоа што златните орли обично покриваат многу големи територии за хранење, присуството на овој вид е загарантирано во областа на Ветерниот парк. Проценето е дека златниот орел е присутен во поширокото подрачје со 4-6 парови. Процентниот ризик за смртност на Златниот орел, кој што е најважната забележана птица е 0.05% за 8 месечен период. Врз основа на заклучокот од мониторинг истражувањето на птици и лилјаци, кое што траеше три сезони (8 месеци), можеме да заклучиме дека влијанието на Ветерниот парк врз биолошката разновидност на птиците и лилјаците се смета за ниско.

**22.** Еден од аргументите во однос на Студенчица може да биде генерално лошата градежна пракса, старата и лошо одржувана механизација што испушта масла и гориво, и секако тешко пристапната локација што нема да ја контролира никој инспектор дали се спроведуваат мерките. Дополнително на ова, во проектот е предвидена и трафостаница што исто така може да содржи масла кои може да истекуваат во почвата. Исто така, треба да се покрене прашање за компетентноста на ЈП Студенчица како претпријатие што се занимава со водоснабдување во случајов и не презема мерки за да спречи ризици. Имено, во првиот предлог урбанистички план едната од ветерниците била точно врз извор на што ЈП Студенчица не реагирале. Ова е коригирано дури откако МЖСПП реагирале со допис.

**Одговор:** Експертите за стратегиска оцена и изработувачите на нацрт Извештајот за СОЖС, најпрво реагираа до Инвеститорот, изработувачот на урбанистичкиот план и МЖСПП. Потоа истото е потврдено и со допис од МЖСПП. Во нацрт извештајот за СОЖС во поглавјето влијанијата врз водите е наведено дека "Имплементација на планските содржини ќе предизвикаат негативни влијанија врз површинските води, заради фактот што локацијата на ветерна турбина бр. 2 е лоцирана врз извор и во крајбрежен појас од 50 метри на изворот. Дополнително, предвидената трафостаницата навлегува во крајбрежен појас на изворот. Поради тоа, како мерки за спречување и намалување на негативните влијанија во Стратегиската оцена за животната средина е предвидено: Да се почитува мислењето од МЖСПП 11-607/2 од 30.01.2023 година, односно планската документација да се корегира со цел планските содржини (ветерна турбина бр. 2 да се дислоцира надвор од крајбрежен појас); Почитување на мислењето од ЈП „Студенчица" Кичево издадено по однос на планска документација; На ниво на Проект да се обезбеди водостопанска согласност за премин преку водоток од МЖСПП сектор води" итн.

# 5 КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИ ОРГАНИ

Во периодот предвиден за консултации со јавноста од страна на засегнатите органи не се доставени забелешки по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Доброноец, општина Кичево.

# 6 ЗАКЛУЧОК

Во текот на спроведената постапка за учество на јавноста по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Доброноец, општина Кичево, коментари и забелешки од засегнатата јавност беа доставени за време на одржување на јавната презентација и јавната расправа, како и забелешки и коментари по електронски пат (e-mail адреса на Министерството за транспорт и врски). На сите прашања е даден одговор од изработувач на Нацрт извештајот за СОЖС „ДЕКОНС-ЕМА“ ДООЕЛ Скопје.

## Прилог 1 - Одлука за неспроведување и спроведување на стратегиска оцена, нејзина објава и мислење од МЖСПП

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22), Министерството за транспорт и врски, на ден __.__.2022 година, донесе

## Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец општина Кичево и КО Галичник општина Маврово и Ростуше потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец општина Кичево и КО Галичник општина Маврово и Ростуше, се определуваат следните: општина Кичево, општина Маврово и Ростуше, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура, Министерство за здравство, Министерство за економија, Министерство за транспорт и врски, Дирекција за заштита и спасување, ЕВН, ЈУ НП „Маврово", ЈП „Студенчица", Кичево Македонски телекумуникации, Комунални претпријатија, невладини организации, еколошки друштва, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор.
3. 3. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец општина Кичево и КО Галичник општина Маврово и Ростуше, за чија изработка е одговорно Кавадар ДОО Скопје, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец општина Кичево и КО Галичник општина Маврово и Ростуше ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: здравје на населението и социоекономски развој, заштита и управување со емисиите во воздух, вода, почва, управување со емисии од бучава, вибрации, отпад, заштита и унапредување на пејзажот, заштита на културно и природно наследство, материјални добра, управување со несреќи и хаварии.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски на адреса: www.mtc.gov.mk.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 21-4335/11
Датум: 14.12.2022
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски


(no subject) - a.despodovska@
Министерство за Транспорт и В
Not secure
mtc.gov.mk/Sozzs/test-205
Settings
History
Мој Термин
Република Северна Македонија
Министерство за транспорт и врски
Насловна
Министерство
Медиа центар
Огласна табла
Регулатива
Формулари
